Број: 11 – 854/4
Датум: 02.02.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со дел II Проектни активности, точка 3. Финансиска поддршка за проекти од културата (Службен гласник на Општина Карпош бр.16/2023, 02/2024, 03/2024), а во врска со член 2 од Одлуката за објавување на Јавен оглас за Финансиска поддршка за проекти од културата бр. 11-854/2 од 30.01.2024 година, Комисија за реализирање на Карпошово културно лето 2024, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата, објавува

**Јавен оглас**
**за доделување на Финансиска поддршка за проекти од културата**

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани на територија на Општина Карпош кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Огласот е за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор, музичко - сценска дејност, театар и глума, ликовно - уметничка изложбена дејност.

Физичките и правните лица потребно е во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

## II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот.

**Правни лица:**

1. Тековната состојба издадена од централен регистар, не постара од 6 (шест) месеци.
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот.

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка

- Проектите да се од посебен интерес за граѓаните на општината од областа на културата,
- досегашни домашни и меѓународни настапи,
- потврда за досегашни организирања на културни манифестации и
- постигнати успеси.

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Комисијата е должна доставената документација претходно да ја проверува, да подготвува мислење и истите да ги достави до Градоначалниот.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „За финансиска подршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2024 година “.

Покрај потребните документи, заинтересираните физички лица **задолжителноо треба да го пополнат и Образецот за користење на буџетски средства за финансиска доддршка на проекти од културата за 2024 година**, (кој во прилог ви го доставуваме подолу!)

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот трае до 30.11.2024 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

ОПШТИНА КАРПОШ
Комисија за финансиска поддршка
за проекти од културата

<table>
<tr><th colspan="3">ОБРАЗЕЦ ЗА ЗА КОРИСТЕЊЕ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД КУЛТУРАТА ЗА 2024 ГОДИНА</th></tr>
<tr><td colspan="3">1. Корисник: / Име и презиме / Назив на правното лице</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="3">Адреса:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Телефон:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Е-адреса:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Веб-страница:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Име и презиме на лицето за контакт :</td></tr>
<tr><td colspan="3">2. Наслов на проектот</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>3. Дејност (се означува со (X))</td><td>( ) ликовна уметност, архитектура и дизајн<br>( )музичко-сценска дејност<br>( ) фолклор и сценско-уметничка дејност<br>( ) драмска дејност<br>( ) литература и издавачка дејност</td><td>( ) интердисциплинарни проекти<br>( ) библиотечна дејност<br>( ) музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство<br>() Друго</td></tr>
<tr><td colspan="2">4. Вкупен буџет на проектот (сите трошоци за проектот покриени со средства од општина Карпош и од други извори на финансирање)</td><td>денари</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 5. Вкупно средства кои се побаруваат од буџетот на општина Карпош | денари |
| 6. Вкупно средства обезбедени од други извори | денари |

| 7. Место на реализација на проектот | 8. Време (период, датум) и времетраење (во денови) на проектот |
|---|---|
| | од до / денови |

| 9. Автор(и) на проектот (да се наведе име и презиме и тип на автор) |
|---|
| |

| 10. Други соработници вклучени во проектот (да се наведе име и презиме и тип на соработник) |
|---|
| |

11. Спецификација на трошоците на проектот што се покриваат со средствата одобрени од буџетот на општина Карпош (задолжително изразена во денари)

| Бр. | Опис на трошокот во согласност со намените во Договорот (патни/транспортни трошоци, дневни трошоци, трошоци за сместување, организациски трошоци, авторски надоместоци, печатење и друго; по потреба да се дополни табелата ) | Износ |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| 11.11. Вкупни трошоци што ќе бидат покриени со средствата добиени од буџетот на општина Карпош (збир на сите трошоци во спецификацијата под точка 11. задолжително изразени во денари) | | |

12. Опис на проектот

| Датум: | Корисник (име и презиме на одговорното лице): |
| --- | --- |
| Потпис и печат | |